ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 3/2023



# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 1 јули 2023*

## Понизност и скромност

Драги браќа и сестри добредојдовте во Божјиот молитвен дом.

Со понизни срца пристапуваме пред нашиот бесмртен, семоќен и свет Бог. Доаѓаме понизно пред него бидејќи сме ја запознале Неговата бескрајна сила и мудрост, а ја знаеме и нашата немоќ и беспомошност. Понизноста е активно начело насочено кон сè поголемо познавање на Божјото величие и љубов. Колку повеќе го познаваме толку повеќе расте и нашата понизност. Таа нè повикува да го љубиме Бога како семоќен Татко, а сите луѓе, мажи и жени, како наши браќа и сестри. Карактеристика на понизноста се љубезноста и нежноста, пристојноста и сочувствителноста во нашите меѓусебни односи со луѓето, а исто така и безусловната вера во Христовата реч. Во времето во кое живееме можеби некој ќе рече: Чекај малку, денес понизните луѓе спаѓаат во групата на не баш најпаметни луѓе.“ Но, нашиот успех не зависи толку од нашата интелектуална способност, колку што зависи од понизноста на срцето во потребата и барањето на Божја помош. Ние не бегаме од одговорностите на срцето во страв од неуспех, зашто тоа не може да се смета за понизност. Ние доаѓаме пред Бога со понизно срце, а тоа значи дека пристапуваме со поучлив став и со молбен дух кој бара просветлување и мудрост, кои Бог милостиво ни ги дава.

Како такви кои веруваат во Христа, како христијани, ние ја откриваме понизноста така што ја примаме и изразуваме Христовата понизност, спремни сме да помогнеме, љубезни сме во зборовите и правењето несебични дела. Понизноста е знак на согласност со Христовиот живот и таа се покажува на достоинствен начин. Немарноста и неуредноста, сомневањето и неверувањето, не спаѓаат во понизност. Напротив понизноста е пат кон успех, уредност, чистота и сигурност. Таа не ги смалува напорите кон самообразование и напредок. Да се биде понизен значи победа над себеси, победа над попустливоста над желбите и истакнувањето на својата праведност. Понизност значи да напредуваме во совршеноството на патот кон вечноста.

Во Филипјаните 3,12. апостол Павле кажува дека се стреми да го достигне „она за кое и самиот бев достигнат од Исус Христос“. Пав-

ле сака да напредува понизно во своето христијанско искуство и сè поголема сличност со Христа. И ние денес доаѓаме со таа цел. Сакаме да станеме што послични на Христа и да ја имаме неговата понизност.

(Матеј 18,4; Псалм 10,17; Матеј 23,12; Јован 22,29; Мудри изреки 16,19; Мудри изреки 3,34; Јаков 4,6; Псалм 9,12; Мудри изреки 22,4; Мудри изреки 15,33; Мудри изреки 29,23; 1. Петрово 5,6).

*Сабота, 8 јули 2023*

## Радост

Добредојдовте во Божјиот дом, во домот каде владеат Божјиот мир, неговата радост и верност. Секое Божјо дете има причина денес да се радува. Ова е ден кога доаѓаме пред нашиот Бог и Спасител исполнети со христијанска ведрина, со весело срце и радост.

Да, како христијани ние имаме христијанска сериозност, но имаме истовремено и ведар дух и пријатен израз на лицето. Тоа доаѓа поради фактот дека сме помирени со Бога, поради фактот дека тој ни дава вечен живот, поради фактот дека тој ја извојувал победата за нас на крстот. Да се биде христијанин, значи да се биде најскреќниот и најведриот човек на овој свет! Дали сте среќни и радосни денес? Ако не сте, ве повикувам да гледате со цело срце кон „Господовата радост која е наша сила“ (Немија 8,9). Нека се разведри вашата душа во Господовата радост.

Псалм 89,15.16: „Блазе му на народот свикнат со светите воскликнувања, тој оди во сјајот на Твоето лице Господи, Секогаш се радува на Твоето име и со Твојата правда се воздига.“

Исаија 55,12. вели: „Да, ќе отидете со радост и ќе бидете водени со мир. Горите и брдата ќе восклинуваат од радост пред вас и сите дрвја во полето ќе плескаат.“

Псалм 68,3: „Нека се радуваат праведните, нека му пат на Бога, нека восклинуваат од радост.“

Христијанската ведрина е птичји цркор на човечката душа додека го обожава својот Бог и собирање на сончеви зраци од неброените знаци на Божјата љубов. Таа е исто така и барање цвеќе со милмирис на доказите на Божјите благослови на ливадата на својот и на туѓите

животи. Како христијани ние ја негуваме ведрината и го подгреваме доброто расположение отфрлајќи ги мрачните мисли, малодушноста и обесхрабреноста. Ние си нанесуваме штета ако постојано гледаме на лошите работи што нè опкружуваат. Облаци има, и ќе има. Но ние гледаме над облаците каде сонцето сјаје во својот полн сјај.

Со радосно срце да ја пееме ова утро песната „О над сонце глеј".

*Сабота, 15 јули 2023*

## Осаменост

Ве поздравувам драги браќа и сестри и ви посакувам обилни Божји благослови. Во светот во којшто живееме милиони и милиони страдаат во своите срца мислејќи дека се сами и напуштени. Секој од нас некогаш се чувствувал осамен, колку луѓе и да има околу него. Постои во нас едно празно место кое само Бог може да го исполни. Во својата милост тој ни кажува: „Нема да ве оставам сираци, ќе дојдам при вас" (Јован 14,18).

Ние го чекаме Исуса. Тој знае што значи да се биде осамен. Можеби во својата осаменост некој од нас си мисли дека не вреди многу во своите очи или во очите на другите луѓе. Но, слушнете што ни кажува нашиот Бог во Исаија 43,4.2: „Зашто си скапоцен во моите очи, ценет си и јас те возљубив. Не бој се зашто јас сум со тебе." Денес слушнете ги јасно овие зборови: **скапоцен си, ценет си, сакан си, Јас сум со тебе.** Дали сè уште мислите: не вредам, не сум ценет, никој не ме сака? Вие го мислите тоа, но Бог одново ве потсетува и повторува: скапоцен си, ценет си, те сакам и Јас сум со тебе - вели Бог. „И ќе ви бидам Татко, а вие ќе бидете мои синови и ќерки, говори Господ Семоќниот" (2. Коринќаните 6,18).

Во слава на Бога кој е секогаш со нас ќе ја пееме песната: „Не никогаш сам".

*Сабота, 22 јули 2023*

**Херои**

Божји саботни благослови ви посакувам драги браќа и сестри. Денес сме ги оставиле настрана сите оние работи што нè одвојуваат од Бога. Дојдени сме тука во неговиот дом за да се дружиме со него и да бидеме поблизу до него, но и за тоа да ја примиме од Него неговата храброст и сила за да се соочиме со овој свет.

Бог сака денес да ни даде посебна сила за да се соочиме со искушенијата и проблемите кои се јавуваат во нашиот живот. На пример, лагата, кражбите, злосторствата се дел од нашето секојдневие и ако сакате да бидете чесен можеби на своето работно место, можете да наидете на потсмев. Да, браќа и сестри, во такво време живееме. Но Бог нè повикува да бидеме негови херои кои ќе застанат на страната на правдата.

Христијанскиот хероизам значи дека: „Божјото слово пребива во вас и зашто го победивте лукавиот“ (Јаков 2,14) Хероизмот значи далеку повеќе од физичка сила. Библискиот хероизам значи ум кој навикнал да мисли јасно и трезвено според начелата на „здравиот ум и здраво тело“. Христијански хероизам значи да се поседува божествена природа и да се биде верен на Божјите барања до крај. Хероизмот прашува за патот а не за цената, и како магнетната игла што се држи за север, така и хероизмот се држи за правдата макар и небото да се урне. Херојските личности не можат ниту да се купат ниту да се продадат. Верни и чесни до срж, тие ја застапуваат вистината цврсти како карпа и со свој пример светат на оние кои се во темнина.

Како да се биде вистински христијански херој?

Вистинското херојство започнува длабоко скриено во срцето, скриено од секој друг поглед освен од Божјиот. „Во своето срце одлучив“, вели Даниел, и не вкусил од царското јадење.

Христијанските херои се херои на верата запишана во нивното срце. Тие храбро застануваат на страната на Бога и неговата реч. Само со Божја реч можеме да го одржиме нашето херојство кое можеби во очите на овој свет може да се чини поинаку. Само Божјата реч нека нè води на нашиот пат до вечноста и нека од нас направи христијански херои.

*Сабота, 29 јули 2023*

**Пристап**

Се радувам браќа и сестри за ова саботно утро што стоиме заедно пред Бога за да му пристапиме со вера и да уживаме во неговата благодат. Римјаните 5,1.2: „И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ Исус Христос, преку кого пристапивме со вера во оваа благодат во која стоиме и се фалиме со надежта на Божјата слава".

Драги мои, нашиот Спасител Исус Христос е единствениот пристап кон Бога. Зборот кој е преведен како „пристап", во Новиот завет се појавува само три пати и тоа само во посланијата на апостол Павле. Сликата на пристап кон Бога ни сугерира владетелска приемна сала во која не смее да влезе никој без овластен придружник. Царскиот придружник, кој нè воведува во небесната сала за прием, лично нè претставува пред Бога. Никој не може да излезе пред Бога сам, бидејќи нашите гревови нè одвоија (Исаија 59,2). Само преку нашиот Спасител можеме слободно да застанеме како грешни, бедни, угнетени и презрени суштества и да имаме пристап до Бога. Тој ја отворил таа врата и влезот од престолната сала е сè уште слободен. Ние кои стоиме сега пред Бога сакаме да му ја изразиме нашата вера и нашите гласови и срца нека запеат во Негова слава.

*Сабота, 5 август 2023*

**Држете го цврсто она што го имате**

Доаѓајќи пред Бога во овој саботен ден ние сакаме да ја изразиме нашата вера и да ги следиме Исусовите зборови: „Држете го она што го имате, додека дојдам" (Откровение 2,25)

Драги браќа и сестри, Бог нам ни ја открил својата волја. Она што сме го примиле од него, од неговата Реч сакаме истрајно да го одржиме. Исус нè храбри во тоа. Тој наскоро ќе дојде, а додека да дојде нашата вера во него треба да биде цврста.

Прво, времето во кое живееме сака да ги избрише од нашето срце овие зборови. Да го држиме она што го имаме, значи воопшто да не

се одвојуваме од она што ни е доверено. Исусовото присуство во нашето срце, неговата Реч и неговите заповеди нам ни се доверени, и нив треба љубоморно да ги чуваме.

Второ, времето во коетшто живееме громогласно ни најавува дека Исус скоро ќе дојде.

Еден професор по историја рекол: „Светската историја е тоа, што луѓето ќе кажуваат и прават.“ Овој професор напишал книга за животот на страдалниците од сите времиња. Тој раскажувал како се живеело: немоќно, очајнички и беспомошно угнетувани. Но, во неговите раскази имало и една слика од капела која затворениците морале да си ја направат. Над олтарот бил напишан стихот: „Христос вели, да не се плаши вашето срце. Верувајте во Бога и во мене верувајте.“ Тоа било повеќе од парола за да издржат. Тоа било ветување што ги подигало и храбрело луѓето. Со вера во Бога да го држиме она што тој ни го оставил, верно до денот кога тој ќе се појави на облаците.

*Сабота, 12 август 2023*

## Патот, Вистината и Животот

**Јован 14,6 - Јас сум патот, вистината и животот.**

Почитувани браќа и сестри, Исус денес со испружени раце го дочекува својот народ во неговиот молитвен дом. „Јас сум патот“ и „никој не доаѓа кај Таткото освен преку мене.“

Една популарна песна вели: „Го сакам животот и сакам да живеам“, а со тоа изразува еден од најдлабоките копнежи на човечкото срце. Факт е дека намера на спасението е да даде живот во изобилство на оние кои веруваат во Исуса Христа. Самиот Исус ни кажува: „Јас дојдов да имаат живот и изобилие.“ Исус не само што дава живот, туку самиот тој е живот. Животот е личност - Исус Христос.

Животот што ни го нуди Исус не е голо биолошко постоење. Тоа е живот во својата совршена полнота. Тој се состои од хармонија на трите компоненти: телесна, духовна и интелектуална, а по траење е вечен. Таквиот живот не му е својствен на човекот. Таквиот живот е дар, нешто што човекот сам од себе не може да го стекне, колку и да бидат неговите напори големи. Само Бог со својата животодавна

сила му дава вистинска смисла на нашиот живот. Тој изобилен живот може да се црпи единствено со одржување на заедница со вечниот Дарител. Затоа денес сакаме да ја потврдиме таа заедница и да го прославиме Оној што сака нашиот живот да го направи складен и хармоничен. Затоа денес сакаме да му кажеме дека целосно ќе го следиме неговиот пат, неговата вистина и неговиот живот.

*Сабота, 19 август 2023*

**Мир**

Ви посакувам Божји благослов во овој свет саботен ден и Божјиот мир нека нè окружува на ова свето место. Мирот е важна компонента во нашиот живот и тоа е еден од најскапоцените дарови на светот. Тоа не е дар во сребро или злато, недвижнини или лична сопственост. Тоа е драгоцен дар што ни го дава Исус. Дали денес можеби сме дошле со вознемиреност во нашето срце од проблемите кои ни се натрупале во изминатата седмица. Застанете. Бог сака нешто да ви каже. Тој изјавил: „Својот мир ви го давам, да не се плаши вашето срце...“ (Јован 14,27).

Мирот што ни го дава денеска Исус е внатрешен, траен мир и сигурност. Тоа е производ на Христовата моќ која оправдува и помирува. Мирот го отстранува нашето чувство на вина и ни носи внатрешна сигурност. Во нашето срце го подига виножитото на надежта, а нашиот страв од иднината ја менува во целосна доверба во семоќниот небесен Татко. Да, можеме да имаме во нашето срце мир затоа што знаеме во чии раце ја ставаме нашата иднина.

*Сабота, 26 август 2023*

## Кротост

Драги браќа и сестри, срдечно ве поздравувам и нека денешниот ден во Божјиот дом биде чекор напред кон нашето посветување и прославување на Бога. Читајќи го стихот Псалм 25,9, кој вели дека „Тој ги води кротките во правда, ги научува кротките на својот пат," се потсетуваме дека на нашиот христијански пат треба да доаѓаме кај Бога со кроток дух. Еден од најдрагоцените дарови на нашето посветување е доблеста - кротост, која треба да го краси секој христијанин што му пристапува на Бога. Кротоста е внатрешен украс, украс кој Бог го смета за особено скапоцен. За апостол Јаков кротоста е важен фактор во животот на христијанинот: „Затоа отфрлете од себе секаква нечистота, и последниот остаток на злобата, и примете го со кротост во вас насаденото Слово, кое може да ги спаси вашите души" (Јаков 1,21). Вистинската кротост го омекнува и го покорува срцето, а разумот го подготвува за да ја вреже Божјата реч. Таа ги води мислите кон покорност на Исуса Христа.

Во Хистовата школа кротоста е еден од најзначајните родови на Духот. Тоа е доблест што ја обикува Светиот Дух, како оној кој го посветува човекот. Тоа е доблест која му овозможува на својот носител да управува со својот нагол, избувлив и нетрпелив темперамент. Кога ја негуваат доблеста кротост, оние кои по природа се гневни, избувливи и нагли, тие треба да вложат најсериозни напори за да го совладаат својот темперамент. Тие можат секој ден да стекнуваат власт над самите себе, сообразувајќи се со примерот на Исуса Христа, сè додека она што е непријатно, сè што не личи на Исус не биде совладано. Само неговата кротост може да ја стопи нивната крутост. Така Христова кротост, покажана во домот ќе ги усреќи домашните. Оној што го примил Христовиот дух нема да предизвикува кавги, нема да враќа вжештено, налутено и избрзано, туку ќе се труди да го стивнува раздразнетиот темперамент. Тој ќе зрачи со благост што ќе ја чувствуваат сите кои се наоѓаат под нејзино влијание.

Пред христијанинот стојат големи достигнувања, и тој секогаш со Божја сила може да се издигнува над околностите во кои се наоѓа, да се стреми кон небесните, кон вечните достигнувања.

*Сабота, 2 септември 2023*

## „Без мене не можете да правите ништо“

Срдечно добредојде ви посакувам браќа и сестри. Со Христова милост ние сме собрани тука во Божјиот дом. Свесни за неговата присутност сакаме денес да му оддадеме на Изворот на нашата сила и нашата заштита, слава и чест, пофалба и благодарност. На христијанинот му е потребна Божјата присутност. Тоа е првата поука што треба да ја научиме во Христовата школа. И најслабиот може да се потпре на неа. Ние во целост зависиме од Бога. Господ е близу до оние кои го бараат со сето свое срце, до оние кои сакаат да бидат поучени во неговата школа.

Само со помошта на божествениот Учител можеме да ги разбереме вистините на Божјата реч. Во неговата школа ние сакаме да бидеме поучени како да бидеме подобри луѓе, кротки и понизни, наспроти она што сака светот да нè научи, дека не постои Бог и дека треба нашиот живот да се одвива според мотото: борба за опстанок, нека победи најсилниот, на сметка на послабиот. Да, ние веруваме дека треба да се бориме, но нашата борба е поразлична. Не е како животната борба на овој свет. Ние не ја водиме сами. Христос вели: „Без мене не можете да правите ништо!“ (Јован 15,5).

Како што цветот во полето има свој корен во почвата, како што тој мора да прима воздух, роса, дожд и светлина, така и ние мораме од Бога да примаме сè што го одржува животот на нашата душа. На тој начин, свесни за неговата присутност, ние можеме да живееме и со негова сила да го совладуваме и да се избориме со она што ни го носат деновите и часовите.

*Сабота, 9 септември 2023*

## Сигурни во Неговото спасение

Уште една сабота нè собра пред нашиот голем, свет и силен Бог. Величествена е помислата дека стоиме пред големиот Првосвештеник кој посредува за нас.

Во Евреите 7,26 ни е даден портретот на нашиот возвишен Спа-

сител: „Зашто таков Врховен свештеник ни требаше и нам: свет, непорочен, одвоен од грешници и повозвишен од небесата“. Кога имаме таков Свештеник пред нас, нашето спасение е во добри раце. Тој е спремен да нè спаси засекогаш. Тој ги задоволува нашите духовни потреби, нашите потреби во поглед на спасението. Возвишен и силен, Тој стои пред Бога од неговата десна страна каде можеме секој ден и секој миг да се надеваме во Него, знаејќи дека сме сакани, дека ние простено, дека сме примени во Божјото семејство. Во него можеме да бидеме сигурни дека ќе „нè сочува без мана и ќе нè постави непорочни пред неговата слава со голема радост“ (Јуда 24).

*Сабота, 16 септември 2023*

**Размислувањето за Христа поттикнува љубов и заедништво**

Светиот саботен ден одново нè собра заедно за да размислуваме за нашиот Бог, да примиме совети и благослови од него. Денес доаѓаме пред Христа за да ја посматраме неговата голема љубов и додека размислуваме за неговата неизмерна жртва, поднесена заради нас, нашето срце се исполнува со света радост, со спокојство, мир и неопишана љубов. Тој го исполнува нашето срце со својата драгоцена љубов. Додека зборуваме за Христа и му ги упатуваме нашите молитви, нашата доверба во него како наш личен Спасител станува сè поголема, а неговиот карактер сè појасно се одразува во нас... На тој начин можеме да уживаме во богатата гозба на неговата љубов. Веруваме дека сме негови и го чекаме со вера, а тоа прави однапред да го вкусиме блаженството на небото. Неговото присуство нè поттикнува да му се молиме и да го славиме. Неговите ветувања ја крепат нашата душа. Неговата нежност и сочувство го растопуваат нашето тврдо срце.Преку него ние имаме вистинска претстава за Божјата љубов и во неа наоѓаме исполнување на нашите потреби.

Не постои јазик кој би можел да го опише она што го доживува верникот кога е во близина на својот сакан Господ и Спасител. Знаејќи го ова псалмистот запишал во Псалм 104,34: „Ќе му пеам на Господа додека сум жив, Бог ќе го славам додека постојам. Нека му биде мила мојата песна, а јас пак ќе се радувам во Господа.“

Да гледаме денес само во Него и тоа нека поттикне во нас радост, љубов и заедништво.

*Сабота, 23 септември 2023*

## Среќни во Божјиот дом

Драги браќа и сестри, Божјиот дом е место каде сме сите срдечно добредојдени пред нашиот Господ и Бог Исус Христос. Чувствувајќи ја божествената атмосфера на неговото присуство ние се радуваме за светлината на неговата Реч која се излева во нашите срца. Таа ги осветлува од грев затемнетите и извалкани катчиња од нашето срце, и внесува нов живот во него. Денес нашите чувства се сосредоточени кон Бога. Денес размислуваме за неговото величие, за неговата превозвишеност и милост. Неговата добрина, неговата љубов и совршенството на неговиот карактер нека го освојат нашето срце. Денес нашите мисли ќе се издигнат кон неговата красота и сакаме нашето срце да го отвориме за благотворното влијание на Светиот Дух.

Денес ја изразуваме нашата желба неговата Реч да го промени нашето срце и да го направи да биде „милмирис за живот“ и нека зборовите на псалмистот се остварат во нашиот живот:

„Оправдај ме Господе, зашто непорочно живеев; во Господа верувам и не се колебав. Испитај ме Господе, пребарај ме; провери го моето срце и мислите, зашто Твојата љубов ми е пред очи и твојата вистина ме раководи... Во чистота си ги мијам рацете, и пред твојот олтар доаѓам Господе, за да ја разгласувам јавно твојата слава и да раскажувам за твоите чудесни дела. Господе, твојот Дом, Твојот храм го сакам и местото каде што е твојата слава“ (Псалм 26,1-3.8.9).

*Сабота, 30 септември 2023*

## Полнотата на животот

„Синко, ти се опростуваат гревовите... стани, подигни ја својата постела и оди си дома!“(Марко 2, 5.11)

Социјална работничка им раскажала на своите колеги за едно момче инвалид од сиромашните делови на градот чие тело било згрчено. Пред неколку месеци го удрил автомобил, а тој не бил правилно лекуван бидејќи потекнувал од сиромашниот дел на градот.

Иако тоа не бил нејзин случај, социјалната работничка го одвела момчето кај ортопед кој извршил многу сложена операција на неговите нозе. Две години по овој настан, момчето влегло во нејзината канцеларија без патерици. Неговото закрепнување било целосно. Таа станала, тргнала кон него и го прегрнала. Самата си рекла во себе: „Кога ништо друго не би постигнала во животот, барем успеав да го променам животот на ова момче.“

За момент ја прекинала работата и им рекла на своите колеги: „Тоа се случи пред неколку години. Што мислите каде се наоѓа момчето сега?“ Некои одговориле дека можеби предава во основното училиште, други дека станал лекар, а трети социјален работник како нив. Жената, длабоко ожалостена, рекла: „Не, тој се наоѓа во затвор бидејќи сторил едно од најголемите злосторства кое човечко суштество може да го направи. Јас му помогнав да проодi, но никој не го научил во која насока треба да се движи неговиот живот.“

Луѓето мора да ги насочуваме кон Исуса Христа, кој е единствениот Спасител. Преку Него, дури и со скршено тело, неисполнети соништа, растурени семејства и скршени срца можеме да ја примиме полнотата на животот.

Бог нека ни помогне на другите да им зборуваме за Неговата љубов, истата онаа која им ја укажува на болните, слепите и разочараните. Човекот може да згреши во многу правци, но треба да тргне кон единствениот вистински правец за да стигне до вистинската цел.

Нашата вистинска цел е Христос и само Христос. Апостол Павле нѐ повикува: „Та преку вера да се всели Христос во вашите срца; да бидете вкоренети и засновани во љубовта да ја познаете Христовата љубов, која го надминува знаењето; за да се исполните во целата Божја полнота“ (Ефесјаните 3,16.17).

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**УВОДНИ СТИХОВИ**

**Трето тримесечје**
**3/2023**

**Издава:**
*Одделение за саботна школа при*
*Христијанската адвентистичка*
*црква во Република Македонија*

**Подготовка и графичко уредување:**
*Мелита Томовска*

**Коригирал и одговара:**
*Томе Траков*

**Адреса на редакцијата:**
*Ул. Влае 42, 1000 Скопје*

**Тел/факс: +389 2 20 48 038**
**E-mail: tometrajkov@gmail.com**
**www. adventisti.org.mk**

**За интерна употреба**